# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ И ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ СОГЛАСНО ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ХИВ ВО 2018 ГОДИНА

**Институт за јавно здравје**

**Февруари 2019 година**

# Вовед

**Вовед** ... 3

**I. Состојба со ХИВ во Северна Македонија** ... 4

**I.1 Кумулативни Податоци** ... 4

**I.2 Состојба со ХИВ во Северна Македонија во 2018 година** ... 8

**II. Постигнати резултати и спроведени активности согласно Програмата за заштита на населението од ХИВ за 2018 година** ... 10

**II.1. Превенција на ХИВ кај клучни популации** ... 10

**Лица кои инјектираат droги (ЛИД)** ... 10

**Сексуални работници и работнички (СР)** ... 11

**Мажи кои имаат секс со мажи (МСМ)** ... 12

**Психосоцијална поддршка и врсничка едукација** ... 12

**Програма за ХИВ тестирање кај клучни популации** ... 13

**II.2. Активности за ХИВ тестирање и едукација кај општа популација** ... 14

**Центри за јавно здравје** ... 14

**ХИВ тестирања во рамки на јавноздравствени и приватни установи** ... 14

**II.3 Стадиум на дијагноза, третман и грижа за лица кои живеат со ХИВ** ... 16

Стадиум на инфекцијата со ХИВ во момент кога за прв пат е поставена дијагноза ... 16

Каскада на грижата за ХИВ ... 17

**Заклучоци** ... 18

**Препораки** ... 19

# Вовед

Покрај заложбите на Здружената програма на Обединетите нации за ХИВ и СИДА (УНАИДС) за ставање крај на епидемијата до 2030 година, епидемијата на ХИВ сè уште претставува еден од водечките јавно-здравствени проблеми во светот. Досега 35 милиони лица починале поради причини поврзани со ХИВ од кои 940.000 лица починале во 2017 година. Се проценува дека приближно 36,9 милиони лица живеат со ХИВ од кои 1,8 милиони заболеле во 2017. Во 2017 година 59% од возрасните и 52% од децата кои живеат со ХИВ примале антиретровирусна терапија (АРТ) [1].

ХИВ не ги засега сите региони подеднакво, најголемиот дел од случаите се во земјите со низок и среден приход, а приближно 64% од случаите се во регионот на Супсахарска Африка. Спротивно, во земјите од Централна, Западна Европа и Северна Америка живеат само 6,3% (2,3 милиони) од ХИВ позитивните лица.

ХИВ е водечка причина за смрт од инфективни болести, проценето е дека починале 39 милиони лица откако е пријавен првиот случај во 1981 година. Сепак, поради значително подобрената достапност на антиретровирусната терапија (АРТ) бројот на смртни случаи во 2016 (1 милион) е намален за 48% споредено со пикот во 2005 година (1.9 милиони).

Иако се регистрира тенденција на намалување на бројот на нови ХИВ инфекции, темпото на намалување е премногу бавно за да се постигне целта договорена на Генералното собрание на Обединетите Нации во 2016: помалку од 500 000 нови инфекции до 2020 година.

Дополнително трендовите за новите ХИВ инфекции не се еднакви во сите региони, иако во најголем дел од светот се бележи пад во бројот на нови ХИВ инфекции, во Источна Европа и Централна Азија годишниот број на нови инфекции е зголемен за високи 60%.

Во земјите со ниска преваленца на ХИВ, геј и другите мажи кои имаат секс со мажи (МСМ) се изложени на повисок ризик од ХИВ, во европскиот регион на СЗО 24% од новооткриените случаи се кај МСМ, а во земјите на ЕУ/ЕЕА МСМ учествуваат со 40% од новите случаи[2].

# I. Состојба со ХИВ во Северна Македонија

## I.1 Кумулативни Податоци

Северна Македонија е земја со ниска преваленца на ХИВ, од 1987 до крај на 2018 се регистрирани 404 случаи на ХИВ, но во последните години се бележи нагорен тренд во бројот на нови ХИВ случаи, така што повеќе од половина (52%) од сите случаи се регистрирани во последните пет години (Графикон 1).

**Графикон 1.** Број на новорегистрирани случаи на годишно ниво, Северна Македонија период 1987-2018




Кумулативно, од регистрираните случаи 339 (86%) се од машки пол а 54 (14%) се од женски пол. Високото пропорционално учество на машки лица во бројот на новорегистрирани случаи е тренд во изминатите 15 година, а во последните две години сите новооткриени случаи се од машки пол (Графикон 2).

**Графикон 2.** Дистрибуција на случаи на ХИВ по пол во период од 1987-2018




Медијаната возраст на регистрирани случаи кога била поставена дијагнозата е 32 години (просек 33,6г; опсег од 0-80 години). Дистрибуцијата по возраст укажува дека најзафатени се сексуално активни лица на возраст од 20-39 години кои чинат речиси три четвртини од дијагностицираните случаи (74%, n=300). На млади на возраст од 15-19 години отпаѓаат помалку од 2% (Графикон 3).

**Графикон 3.** Дистрибуција според возраст новооткриени случаи на ХИВ, 1987-2018




Во периодот од 1987 до 2018 година, вкупно 99 од дијагностицираните лица во Северна Македонија починале поради причини поврзани со СИДА, што претставува стапка на смртност од 24,5%. Со воведувањето на антиретровирусната терапија во Северна Македонија, преживувањето на лицата кои живеат со ХИВ е значително подобрено, во последните 10 години од 289 регистрирани случаи регистрирани се 26 смртни случаи што претставува стапка на смртност од 9,0% (Графикон 4).

**Графикон 4.** Дистрибуција на случаи по година на дијагноза и смрт од причини поврзани со ХИВ во Северна Македонија период 1987-2018година




Кумулативно според начинот на трансмисија, најголем број од случаите (218; 54%) се кај мажи кои имале секс со маж, хетеросексуалниот начин на пренос е регистриран кај 153 случаи (38%), лица кои инјектираат дроги учествуваат со 2,5% (n=10), а по 6 случаи се регистрирани кај лица со хемофилија (последниот пред 15 години) и пренос од мајка на дете (Графикон 5).

**Графикон 5.** Дистрибуција на случаите на ХИВ според начин на трансмисија, 1987-2018




Слично како и во останати земји од европскиот регион [3,4,5], во Северна Македонија геј и другите мажи кои имаат секс со мажи се изложени на поголем ризик од ХИВ инфекција, во последните 5 години во просек 72% од регистрираните случаи се кај мажи кои имале секс со мажи (Графикон 6). Последното био-бихевиорално истражување спроведено кај МСМ од Скопје, каде што проценетата преваленца на ХИВ беше 5,4% (95CI 1,8 – 9,0%) оди во прилог на податоците добиени од епидемиолошкиот надзор и на констатацијата дека МСМ во Северна Македонија се изложени на повисок ризик од инфекција со ХИВ.

**Графикон 6.** Дистрибуција на случаите на ХИВ според начин на трансмисија, 1987-2018



МСМ
Вкупно
Број на случаи
Година
50
45
40
35
30
25
20
15
10
5
0
1987
1989
1990
1991
1992
1993
1994
1995
1996
1998
1999
2000
2001
2002
2003
2004
2005
2006
2007
2008
2009
2010
2011
2012
2013
2014
2015
2016
2017
2018

## I.2 Состојба со ХИВ во Северна Македонија во 2018 година

Во 2018 до сега се регистрирани 45 нови случаи на ХИВ, што претставува инциденца од 2,2 на 100.000 жители. Сите случаи регистрирани во 2018 година се од машки пол.

Возрасната дистрибуција на случаите регистрирани во 2018 година не отстапува значително од досега пријавените случаи. Просечната возраст на новите случаи е 32 години, а е во опсег од 21 до 51 година, 84% од случаите се на возраст од 20 до 39 години (Графикон 7).

**Графикон 7.** Дистрибуција според возраст новооткриени случаи на ХИВ во 2018 година




Според начинот на пренос, 82% (n=37) од случаите се мажи кои имале секс со мажи, 13% (n=6) од новорегистираните пријавиле хетеросексуален начин на пренос, а за 2 лица (4%) не се знае начинот на пренос (Графикон 8).

**Графикон 8.** Дистрибуција на случаите на ХИВ според начин на трансмисија во 2018




Бројот и пропорцијата на регистрирани случаи кај МСМ во 2018 го следи трендот од претходниот период, она што загрижува е порастот на преваленцата на ХИВ кај оваа популација. Во 2018 година согласно истражувањето кај мажите кои имаат секс со мажи во Скопје, проценетата преваленца е 5,4% (95%CI 1.8-9,0%), што значи дека во Северна Македонија за прв пат се регистрира концентрирана епидемија кај одредена популациона група [6] .

Од случаите во 2018 година, повеќе од половина (n=22) се со место на живеење во Скопје со инциденца од 3,6/100.000 жители, во Прилеп се регистрирани 3 случаи со инциденца од 3,1/100.000 жители. Останатите 19 случаи се регистрираат како спорадични случаи во 15 града од Северна Македонија. Еден случај во 2018 е странски државјанин. Дистрибуцијата на случаите дијагностицирани во 2018 и вкупниот број на случаи по здравствени региони е претставен во Табела 1.

Вкупната инциденца на ХИВ во 2018 година изнесува 2,2/100.000 случаи што е значително повеќе од просекот за земјите на ЕУ/ЕЕА каде стапката на нови дијагнози во 2017 била 0,7/100.00 [7]

**Табела 1.** Дистрибуција според ЦЈЗ на новооткриени и вкупен број на случаи на ХИВ, 1987-2018

| **Место на живеење според здравствени региони** | **Случаи во 2018** | ***Инциденца на 100.000 во 2018*** | **Вкупно случаи** | ***Кумулативна инциденца на 100.000*** |
|---|---|---|---|---|
| **ЦЈЗ Битола** | 2 | *1.1* | 20 | *10.9* |
| **ЦЈЗ Велес** | 6 | *2.9* | 30 | *14.5* |
| **ЦЈЗ Кочани** | 2 | *1.9* | 19 | *18.2* |
| **ЦЈЗ Куманово** | 2 | *1.1* | 26 | *14.8* |
| **ЦЈЗ Охрид** | 2 | *1.3* | 18 | *11.9* |
| **ЦЈЗ Прилеп** | 4 | *3.8* | 21 | *19.7* |
| **ЦЈЗ Скопје** | 22 | *3.6* | 186 | *30.1* |
| **ЦЈЗ Струмица** | 1 | *0.9* | 10 | *9.4* |
| **ЦЈЗ Тетово** | 1 | *0.3* | 36 | *11.3* |
| **ЦЈЗ Штип** | 2 | *2.0* | 26 | *25.8* |
| **Странски државјани** | 1 | / | 10 | / |
| **Непознато** | 0 | / | 1 | / |
| **Вкупно** | **45** | ***2.2*** | **404** | ***19.5*** |

Во 2018 година регистрирани се 3 смртни случаи поврзани со СИДА.

# II. Постигнати резултати и спроведени активности согласно Програмата за заштита на населението од ХИВ за 2018 година

## II.1. Превенција на ХИВ кај клучни популации

Со програмите и активностите за превенција на ХИВ кај клучните популации опфатени се вкупно 11.132 лица припадници на клучните популации (Графикон 9).

**Графикон 9**. Опфат на лица од клучни популации со основен пакет за превенција на ХИВ во 2018г




Вкупно во програмите за превенција на ХИВ кај клучни популации се дистрибуирани:

- 313.266 кондоми или 124% од предвидената цел за 2018 година
- 99.344 лубриканти или 86% од целта
- 416.411 сетови за инјектирање, 44% од целта
- 72.758 Информативни материјали

### Лица кои инјектираат дроги (ЛИД)

Во 2018 година програмата за превенција на ХИВ и СПИ кај лица кои инјектираат дроги (ЛИД) се спроведуваше од страна на 12 здруженија во 13 градови од републиката.

Со основен пакет за превенција кои се состои од дистрибуција на информативни материјали, лубриканти, кондоми и стерилни сетови за инјектирање опфатени се **4.450** ЛИД или **94%** од годишната цел (Графикон 9). Овие лица се опфатени преку дневните центри каде се обезбедени

се 36.092 услуги, и на терен каде се дадени вкупно 6.436 различни услуги за превенција на ХИВ, СПИ и крвно преносливи инфекции.

Во 2018 година во оваа популација дистрибуирани се:

- **417.010 сетови** за безбедно инјектирање, или 44% од годишната цел.
- **93.008 кондоми**, или 257% од годишната цел.
- **43.391** информативни и едукативни материјали.
- **12.539** Лубриканти што е 139% реализација на поставената цел за 2018 година.

Дополнително како дел од проширениот пакет на услуги членовите на оваа целна популација во 2018 ги добиле следните услуги:

- 42.981 Медицински услуги и информации
- 18.063 Социјални услуги
- 456 Правни услуги
- 988 Психолошки услуги

Детална табела со остварените резултати по здружение е дадена во Анекс 1 на овој извештај.

## Сексуални работници и работнички (СР)

Во програмата наменета за рексуалните работници и работнички основниот пакет за превенција на ХИВ и СПИ се состои од  кондом, лубрикант и информативно-едукативен материјал. Во имплементација на програмата ангажирани се 8 здруженија во 7 градови од Северна Македонија.

Во 2018 година опфатени се вкупно **1.825** СР или **99%** од годишната цел (Графикон 9), оваа година се опфатени 144 нови СР. Клиентите се опфатени преку обезбедување на 5.906 услуги во дневните центри на здруженијата, а на терен се реализирани вкупно 9.102 услуги.

Во 2018 година дистрибуирани се:

- **154,168** кондоми,  или 75% од целта за 2018 година.
- **56.585** лубриканти или 102% од целта за 2018 година.
- **19.052** информативно-едукативни материјали 86% од целта за 2018 година.

Дополнително во рамки на проширениот пакет на услуги наменети за оваа целна популација дадени се вкупно: 54 медицински и гинеколошки услуги и информации; 12.075 социјални услуги и 116 правни услуги.

Детален преглед на спроведените активности по здружение е даден во Анекс 2.

## Мажи кои имаат секс со мажи (МСМ)

Програмата за превенција на ХИВ помеѓу МСМ популацијата се спроведува во 5 градови во Северна Македонија од страна на здружението ЕГАЛ од Скопје во соработка со здруженијата вклучени во реализација на годишната програма за заштита на населението од ХИВ во 2018 година.

Со основен пакет на услуги кои се состои од дистрибуција на кондоми, лубриканти и информативно-едукативни материјали се опфатени **4.807 МСМ** или **96%** од предвидената цел за 2018 година (Графикон 9). Во 2018 година за прв пат се опфатени нови 1.159 МСМ, а преку интернет советување опфатени се  1.594 МСМ.

Во текот на 2018 година дистрибуирани се:

- **64.859** кондоми, или 90**%** од годишниот таргет.
- **29.968** лубриканти или 83% од предвидената цел за 2018 година.
- **10.161** информативно-едукативни материјали што претставува 56% од целта за 2018 година.

Дополнително членовите на оваа целна популација ги добиле и следните услуги од проширениот пакет за превенција: 451 клиент бил опфатен со врсничка едукација, 342 лица добиле психолошки услуги, а 1.354 добиле услуги во дневните центри.

Детален преглед на остварените активности е даден во Анекс 3 од овој извештај.

## Психосоцијална поддршка и врсничка едукација

Преку програмите за психосоцијална поддршка за лицата кои инјектираат дроги опфатени се вкупно 194 клиенти, или 194% од предвидениот таргет за 2018 година, а 151 лице кое инјектира дроги учествувало во креативни работилници. Преку оваа програма се дистрибуирани 17.530 кондоми и 5.197 информативни материјали.

Преку програмата за врсничка поддршка и едукација на лицата кои живеат со ХИВ во 2018 опфатени се вкупно 50 лица од кои 17 нови, поделени се 1291 кондоми, 252 лубриканти и 166 информативни материјали. Во програмата за психосоцијална поддршка на лицата кои живеат со ХИВ во рамките на Клиниката за инфективни болести се опфатени 213 лица.

## Програма за ХИВ тестирање кај клучни популации

Во 2018 година програмата за доброволно и доверливо ХИВ тестирање кај лицата од клучните популации се проведува на терен и во рамките на здруженијата, преку соработка на Институтот за јавно здравје, Центрите за јавно здравје и здруженијата кои работата со овие популации. Во 2018 со ХИВ тестирање се опфатени се 3.284 лица од клучните популации (Графикон 8) и тоа:

- 914 ЛИД — 93% од годишната цел
- 664 СР — 89% од годишната цел
- 1.614 МСМ — 72% од годишната цел
- 92 затвореници — 48% од годишната цел

**Графикон 9**. Опфат на лица од клучни популации со ХИВ тестирање и советување во 2018 година




Покрај ХИВ тестирањето, како дел од услугите за превенција на други СПИ извршени се тестирања и советувања за СПИ за:

- 57 ЛИД (23% од таргетот за 2019)
- 285 СР (68% од таргетот за 2019)
- 93 МСМ (19% од таргетот за 2019)

## II.2. Активности за ХИВ тестирање и едукација кај општа популација

### Центри за јавно здравје

Центри за јавно здравје се вклучени во програмата преку спроведување на бесплатно и доверливо ХИВ-тестирање и советување за брз скрининг кај општа популација, услуги за дијагностика и третман на сексуално преносливи инфекции, услуги за советување за сексуално и репродуктивно здравје, едукација за заштита од ХИВ и други крвни и сексуално преносливи инфекции, како и дистрибуција на едукативни материјали.

Во тек на 2018 опфатени се 1092 лица со доброволно и доверливо тестирање за ХИВ што е реализација од 91%, а одржани се 217 едукативни сесии во училишта и колективи за начини на превенција на ХИВ и СПИ што е 127% од предвидениот таргет за 2018 (Графикон 10).

**Графикон 10**. Остварени активности на ЦЈЗ во 2018




### ХИВ тестирања во рамки на јавноздравствени и приватни установи

Како дел од активностите за мониторинг на бројот на извршени тестови за ХИВ, Институтот за јавно здравје редовно ги обработува извештаите за вкупниот број на извршени тестови за ХИВ по медицински и други индикации во јавно здравствени и приватни установи (Табела 2). Во 2018 година извршени се вкупно 31.350 тестови за ХИВ, што претставува лесно зголемување споредено со 2017 година.

**Табела 2.** Вкупен број на извршени ХИВ тестови по медицински и други индикации во Северна Македонија во 2018 година

| *ХИВ тестови изработени во 2018 година во Здравствени Установи во Р. С.Македонија* | *Вкупно* |
|---|---|
| ЦЈЗ Битола | 105 |
| ЦЈЗ Куманово | 100 |
| ЦЈЗ Скопје | 270 |
| ЦЈЗ Тетово | 41 |
| ЦЈЗ Штип | 69 |
| ЦЈЗ Охрид | 120 |
| ЦЈЗ Кочани | 159 |
| ЦЈЗ Прилеп | 61 |
| ЦЈЗ Струмица | 120 |
| ЦЈЗ Велес | 120 |
| Институт за Јавно здравје на Р. С.Македонија | 2220 |
| Клиника за Инфективни заболувања и фебрилни состојби | 4096 |
| Институт за Клиничка биохемија при Медицински Факултет | 2541 |
| Градска Општа Болница "8 Септември" - Скопје | 7428 |
| КБ Аџибадем Систина – Скопје | 8755 |
| Дијагностика Фармахем – Скопје | 21 |
| СИН ЛАБ (SYN lab)- Скопје | 1650 |
| РЕМЕДИКА - Скопје | 4540 |
| "Болница Плодност" - Битола | 875 |
| СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА "ДИАМЕД" - СКОПЈЕ | 279 |
| **Вкупно** | **31 350** |

## II.3 Стадиум на дијагноза, третман и грижа за лица кои живеат со ХИВ

### Стадиум на инфекцијата со ХИВ во момент кога за прв пат е поставена дијагноза

Од добиените податоци од Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби, во 2018 година медијаната вредност на ЦД4 клетки при дијагнозата на пациентите била 333 ЦД4 клетки/мл (во опсег од 0 – 1934 ЦД4/мл). Медијаната вредност на ЦД4 клетките во 2018 година е за 17% пониска во однос на 2017 кога истата изнесуваше 401 ЦД4 клетки на мл, а е пониска и од просекот за последните 5 години кој изнесува 347 ЦД4 клетки/мл.

Дополнително, кај 53% (n=24) од случаите во 2018 година дијагнозата била задоцнета, односно со број на ЦД4 клетки помал од 350/мл, а речиси една четвртина од случаите (n=11) во моментот на дијагнозата биле во напредна фаза на инфекцијата со број на ЦД4 клетки помал од 200/мл (Графикон 11).

Ова укажува на задоцнето дијагностицирање кај лицата кои живеат со ХИВ, а кај 9 случаи (20%) во 2018 година дијагнозата е поставена кога лицата имале манифестни симптоми на заболување.

**Графикон 11.** Дистрибуција на дијагностицираните случаи на ХИВ во Северна Македонија според број на ЦД4 клетки/мл, период 2006-2018



## Каскада на грижата за ХИВ

Во склоп на активностите за постигнување на глобалната цел на УНАИДС "90-90-90", во Македонија за првпат беше спроведена студија за одредување на постигнатите резултатите за оваа цел.

Според резултатите, доколку се одземат досега починатите и иселени лица, проценето е дека до крајот на 2017 во Македонија 402 лица живееле со ХИВ. Од нив досега се дијагностицирани 221 или 55% од проценетиот број на ЛКЖХИВ. Од дијагностицираните лица, 88,3% (195) се поставени на АРТ, додека од лицата кои се на АРТ кај 93,4% е постигната супресија на вирусот (Графикон 4). Ваквиот резултат говори во прилог на добрата грижа и успешен третман за дијагностицираните пациентите, но и потребата за зголемување на бројот на тестирања за ХИВ.

**Графикон 4.** Каскада на грижата за ХИВ во Република Северна Македонија до крајот на 2017 година




Податоците од епидемиолошкиот надзор и спроведената студија за каскадата на грижата за ХИВ укажуваат дека во Северна Македонија сеуште е актуелен проблемот со задоцнета дијагноза, но од друга страна третманот е успешен и кај 93,4% е постигната вирусна супресија.

# Заклучоци

Епидемиолошките податоци укажуваат на тренд на покачување во бројот на ново-дијагностицирани случаи со ХИВ, бројот во 2018 година е највисок во изминатиот период (ист број случаи е регистриран само во 2014 година).

Загрижува фактот  дека повеќе од половина од случаите во 2018 година се со задоцнета дијагноза, што го зголемува ризикот за понатамошно ширење на инфекцијата.

Дополнителен ризик претставува и податокот дека 45% (n=181) од лицата кои живеат со ХИВ не го знаат својот ХИВ статус.

Иако предвидените цели со годишната програма за заштита на населението од ХИВ во 2018 година во најголем број се со добра реализација, податокот за бројот на направени ХИВ тестирање укажува на потреба од дополнителни мерки за зголемување на бројот на тестирани лица. Подобрување на ХИВ тестирањето особено се однесува на МСМ каде што се тестирани 1.614 лица или 72% од годишната цел.

Потребата од интензивирање на активностите за ХИВ тестирање е очигледна и ако се има во предвид бројноста на популацијата на МСМ која е проценета на 11.054 лица во 2018 во С. Македонија [6]. Ако се има во предвид проценетиот број на МСМ, тогаш минатата година со активноста за ХИВ тестирање биле опфатени само 14,6% од популацијата на МСМ. Доколку како основа се земат податоците од гореспоменатото истражување кај МСМ во 2018 година тогаш опфатот со ХИВ тестирање кај оваа популација е сеуште на ниско ниво од 28,8% (95% CI 21.4 – 36.2%).

Од горе изнесеното произлегува дека е неопходна итна ревизија на постоечкиот модел на нудење сервиси за тестирање за ХИВ во земјата, со фокусиран пристап кон популацијата на МСМ.

## Препораки

Имајќи ја во предвид епидемиолошката ситуација во земјата и препораките на УНАИДС за квартално тестирање за припадниците на МСМ, потребно е да се зголеми бројот на МСМ кои редовно се тестираат за ХИВ преку спроведување на целни кампањи и активности спроведени од граѓански здруженија.

Согласно препораките на СЗО за демедикализација на ХИВ тестирањето, потребна е ревизија на Националниот протокол за ХИВ тестирање, со цел да се поедностави процедурата за ДСТ, а со тоа да се зголеми достапноста и бројот на тестирани лица. Ревидираниот протокол треба да овозможи:

- Воведување на тестирање за ХИВ во дневните центри на здруженијата на граѓани кои се вклучени во Програмата за заштита на населението од ХИВ. При тоа тестирањето да биде достапно секој ден во работните часови на центарот и без присуство на лаборант/медицинско лице
- Потребно е да се воведе можност за само-тестирање за ХИВ преку развивање на посебен протокол/упатства за таа намена.

Бидејќи кај нас сеуште не е достапна пред и пост експозициска профилакса за ХИВ, потребно е да се развие протокол/план кој би овозможил постепено воведување на овој начин на профилакса за клучни популации, и професионално експонирани лица.

Особено е важно да се спроведуваат студии на пресек, за знаења ставови и утврдување на преваленца на ХИВ и СПИ на секои 2 години, со цел да се процени ефикасноста на спроведените мерки и активности.

**Изготвиле:**

Прим. Др. Жарко Караџовски

Др. Владимир Микиќ

Газменд Исмани

**Одобрил:**

Прим. Др. Жарко Караџовски

Референци:

1 UNAIDS DATA 2017; Joint United Nations Programme on HIV/AIDS (UNAIDS), достапно на http://www.unaids.org/sites/default/files/media_asset/20170720_Data_book_2017_en.pdf

2 European Centre for Disease Prevention and Control/WHO Regional Office for Europe. HIV/AIDS surveillance in Europe 2018 – 2017 data. Stockholm: ECDC; 2017. ECDC Paper ISBN 978-92-9498-285-8; WHO ISBN 978-92-8905-377-8

3 Elevated risk for HIV infection among men who have sex with men in low- and middle-income countries 2000-2006: a systematic review. Baral S, Sifakis F, Cleghorn F, Beyrer C PLoS Med. 2007 Dec; 4(12):e339.

4 D1: Review of HIV and sexually transmitted infections among men who have sex with men (MSM) in Europe Work Package 1, ESTICOM Project (European Surveys and Training to Improve MSM Community Health), Robert Koch institute 2017, available at https://www.esticom.eu/Webs/ESTICOM/EN/emis-2017/msm-review/Review_HIV.pdf?__blob=publicationFile&v=3

5 The expanding epidemics of HIV type 1 among men who have sex with men in low- and middle-income countries: diversity and consistency. Beyrer C, Baral SD, Walker D, Wirtz AL, Johns B, Sifakis F Epidemiol Rev. 2010; 32():137-51

6 ИЗВЕШТАЈ од биобихевиоралното истражување и процена на бројноста на популацијата на мажи кои имаат секс со мажи во Скопје, Македонија: Микиќ В. Кузмановска Г. Кочински Д., Бошевска Г., Османи Д., Столеска Илиоска Р., Јорданов З., Сених, А., Мемети Ш. Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2018. ISBN 978-608-235-053-0; COBISS.MK-ID 109184266

7 European Centre for Disease Prevention and Control/WHO Regional Office for Europe. HIV/AIDS surveillance in Europe 2018 – 2017 data. Stockholm: ECDC; 2017. ECDC Paper ISBN 978-92-9498-285-8; WHO ISBN 978-92-8905-377-8

**Анекс 1.** Опфатени клиенти и дистрибуирани материјали во програмата за превенција на ХИВ кај ЛИД во 2018 година

| Секундарни Приматели | НОВИ опфатени клиенти | | | | | ВКУПНО опфатени поединечни клиенти | | | | | Дистрибуирани сетови (Игла+Шприц) | | | | Дистрибуирани Кондоми | | | Дистрибуирани Лубриканти | | | Дистрибуирани ИЕК материјали | | | Поделени материјали по клиент | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Остварено НОВИ | | | | | Остварено ПОЕДИНЕЧНИ | | | | | Дистрибуирани "Сетови" | | | | Дистрибуирани Кондоми | | | Дистрибуирани Лубриканти | | | Дистрибуирани ИЕК материјали | | | | |
| | Годишен Таргет | Машки | Женски | Вкупно | % | Годишен Таргет | Машки | Женски | Вкупно | % | Годишен Таргет | Поделени Игли | Поделени Шприцови | % | Годишен Таргет | Поделени Кондоми | % | Годишен Таргет | Поделени Лубриканти | % | Годишен Таргет | Поделени ИЕК Материјали | % | Поделени Шприцови (Сетови по клиент) | Поделени Кондоми по клиент | Поделени ИЕК по клиент |
| НВО ИЗБОР - Гевгелија | 30 | 27 | 6 | 33 | 110% | 246 | 215 | 38 | 253 | 103% | 49,471 | 23,871 | 19,360 | 39% | 1,867 | 4,670 | 250% | 467 | 189 | 40% | 467 | 2,701 | 579% | 77 | 18 | 11 |
| НВО ИЗБОР - Струмица | 56 | 43 | 14 | 57 | 102% | 739 | 534 | 115 | 649 | 88% | 148,846 | 67,033 | 67,044 | 45% | 5,617 | 10,825 | 193% | 1,404 | 22 | 2% | 1,404 | 9,675 | 689% | 103 | 17 | 15 |
| НВО Опција - Охрид | 48 | 43 | 8 | 51 | 106% | 464 | 402 | 65 | 467 | 101% | 93,517 | 79,899 | 66,488 | 71% | 3,529 | 9,835 | 279% | 882 | 171 | 19% | 882 | 1,748 | 198% | 142 | 21 | 4 |
| НВО ЦРУЈЖ - Тетово | 48 | 45 | 4 | 49 | 102% | 259 | 221 | 56 | 277 | 107% | 52,074 | 14,650 | 14,005 | 27% | 1,965 | 8,950 | 455% | 491 | 600 | 122% | 491 | 1,539 | 313% | 51 | 32 | 6 |
| НВО ХЕЛП - Гостивар | 48 | 36 | 12 | 48 | 100% | 579 | 357 | 142 | 498 | 86% | 116,516 | 38,230 | 37,974 | 33% | 4,397 | 4,452 | 101% | 1,099 | 1,146 | 104% | 1,099 | 1,379 | 125% | 76 | 9 | 3 |
| НВО ХОПС - Скопје | 160 | 104 | 16 | 116 | 73% | 644 | 560 | 74 | 617 | 96% | 129,752 | 280,627 | 82,735 | 64% | 4,896 | 18,287 | 373% | 1,224 | 1,316 | 108% | 1,224 | 15,036 | 1228% | 134 | 30 | 24 |
| НВО ПУЛС - Куманово | 56 | 43 | 15 | 58 | 104% | 371 | 302 | 71 | 373 | 101% | 74,640 | 55,212 | 47,982 | 64% | 2,817 | 7,492 | 266% | 704 | 618 | 88% | 704 | 3,757 | 534% | 129 | 20 | 10 |
| НВО Младински Клуб - Штип | 20 | 14 | 2 | 16 | 80% | 177 | 156 | 21 | 177 | 100% | 35,584 | 33,606 | 20,299 | 57% | 1,343 | 2,966 | 221% | 336 | 14 | 4% | 336 | 1,457 | 434% | 115 | 17 | 8 |
| НВО ЗОНА - Кавадарци | 16 | 19 | 8 | 27 | 169% | 134 | 132 | 36 | 168 | 126% | 26,905 | 10,065 | 8,926 | 33% | 1,015 | 2,197 | 216% | 254 | 826 | 325% | 254 | 1,024 | 403% | 53 | 13 | 6 |
| НВО ВИА-ВИТА - Битола | 60 | 52 | 0 | 52 | 87% | 480 | 274 | 55 | 334 | 70% | 96,772 | 19,332 | 19,337 | 20% | 3,652 | 3,725 | 102% | 913 | 1,562 | 171% | 913 | 938 | 103% | 58 | 11 | 3 |
| НВО ЦК - Прилеп | 20 | 12 | 3 | 15 | 75% | 248 | 207 | 21 | 228 | 92% | 49,905 | 19,705 | 10,441 | 21% | 1,883 | 5,681 | 302% | 471 | 801 | 170% | 471 | 1,056 | 224% | 46 | 25 | 5 |
| НВО ЦК - Велес | 20 | 20 | 0 | 20 | 100% | 218 | 199 | 18 | 217 | 100% | 43,829 | 28,903 | 16,888 | 39% | 1,654 | 11,020 | 666% | 413 | 5,274 | 1276% | 413 | 2,118 | 512% | 78 | 51 | 10 |
| НВО ЦК - Кичево | 16 | 11 | 1 | 12 | 75% | 193 | 184 | 8 | 192 | 100% | 38,839 | 4,932 | 4,932 | 13% | 1,466 | 2,848 | 194% | 366 | - | 0% | 366 | 951 | 260% | 26 | 15 | 5 |
| Вкупно: | 598 | 469 | 89 | 554 | 93% | 4,750 | 3,743 | 720 | 4,450 | 94% | 956,650 | 676,065 | 416,411 | 44% | 36,100 | 92,948 | 257% | 9,025 | 12,539 | 139% | 9,025 | 43,379 | 481% | 84 | 21 | 8 |

**Анекс 2.** Опфатени клиенти и дистрибуирани материјали во програмата за превенција на ХИВ кај СР во 2018 година

| Секундарни приматели | Нови опфатени клиенти | | | | | Вкупно опфатени поединечни клиенти | | | | | Дистрибуирани Лубриканти | | | Дистрибуирани Кондоми | | | Дистрибуирани ИЕК материјали | | | Поделени материјали по клиент | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Годишен Таргет | Опфатени НОВИ | | | | Годишен Таргет | Опфатено Вкупно ПОЕДИНЕЧНИ | | | | Годишен Таргет | Дистрибуирани ЛУБРИКАНТИ | | Годишен Таргет | Дистрибуирани КОНДОМИ | | Годишен Таргет | Дистрибуирани ИЕК Материјали | | Поделени Кондоми по клиент | Поделени Лубрикант и по клиент | Поделени ИЕК по клиент |
| | | Машки | Женски | Вкупно | % | | Машки | Женски | Вкупно | % | | Лубриканти | % | | Кондоми | % | | ИЕК Материјали | % | | | |
| НВО ИЗБОР - Гевгелија | 20 | 0 | 20 | 20 | 100% | 96 | 0 | 113 | 113 | 118% | 3,758 | 2,656 | 71% | 11,275 | 8,371 | 74% | 1,503 | 1,151 | 77% | 74 | 24 | 10 |
| НВО ИЗБОР - Струмица | 30 | 5 | 43 | 48 | 160% | 333 | 114 | 344 | 459 | 138% | 14,644 | 12,165 | 83% | 43,933 | 25,156 | 57% | 5,858 | 6,617 | 113% | 55 | 27 | 14 |
| НВО Опција - Охрид | 12 | 1 | 23 | 24 | 200% | 185 | 12 | 222 | 231 | 125% | 5,411 | 7,934 | 147% | 16,232 | 18,237 | 112% | 2,164 | 2,566 | 119% | 79 | 34 | 11 |
| НВО ЦРУЈЖ Тетово | 15 | 0 | 42 | 42 | 280% | 148 | 0 | 129 | 129 | 87% | 3,208 | 4,825 | 150% | 9,623 | 13,825 | 144% | 1,283 | 1,826 | 142% | 107 | 37 | 14 |
| НВО ХЕЛП Гостивар | 15 | 2 | 19 | 21 | 140% | 378 | 84 | 358 | 441 | 117% | 13,673 | 4,802 | 35% | 41,018 | 28,470 | 69% | 5,469 | 1,516 | 28% | 65 | 11 | 3 |
| НВО ХОПС - Скопје | 22 | 12 | 40 | 52 | 236% | 415 | 44 | 191 | 234 | 56% | 7,776 | 10,925 | 140% | 23,327 | 37,908 | 163% | 3,110 | 3,665 | 118% | 162 | 47 | 16 |
| НВО Стар-Стар | 12 | 4 | 7 | 11 | 92% | 148 | 29 | 61 | 90 | 61% | 2,916 | 6,273 | 215% | 8,748 | 11,595 | 133% | 1,166 | 784 | 67% | 129 | 70 | 9 |
| НВО ВИА-ВИТА - Битола | 18 | 1 | 18 | 19 | 106% | 148 | 7 | 121 | 128 | 86% | 4,115 | 7,005 | 170% | 12,344 | 10,606 | 86% | 1,646 | 927 | 56% | 83 | 55 | 7 |
| **Вкупно:** | **144** | **25** | **212** | **237** | **165%** | **1,851** | **290** | **1,539** | **1,825** | **99%** | **55,500** | **56,585** | **102%** | **166,500** | **154,168** | **93%** | **22,200** | **19,052** | **86%** | **94** | **38** | **11** |

**Анекс 3.** Опфатени клиенти и дистрибуирани материјали во програмата за превенција на ХИВ кај МСМ во 2018 година

| Секундарен Примател | Годишен Таргет | Опфатени НОВИ клиенти | | Годишен Таргет | Опфатени ПОЕДИНЕЧНИ клиенти | | Годишен Таргет | Број на МСМ опфатени со интернет советодавни и активности за препраќање | | Годишен Таргет | Поделено Лубриканти | | Годишен Таргет | Поделено Кондоми | | Годишен Таргет | Поделено ИЕК материјали | | Поделено Материјали по клиент | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НВО ЕГАЛ Скопје | | НОВИ | % | | ПОЕДИНЕЧНИ | % | | Опфатени клиенти ИНТЕРНЕТ | % | | ЛУБРИКАНТИ | % | | КОНДОМИ | % | | ИЕК Материјали | % | Поделено Лубриканти по клиент | Поделено Кондоми по клиент | Поделено ИЕК по клиент |
| МСМ програма: Вкупно за цела 2018 година | 700 | 1159 | 166% | 5000 | 4807 | 96% | 1000 | 1594 | 159% | 36000 | 29968 | 83% | 72000 | 64859 | 90% | 18000 | 10161 | 56% | 6 | 13 | 2 |